**Одржан семинар за откривање и спречување на измама и неправилности**

На 20.03.2013 во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој се одржа семинар за откривање и спречување на измама и неправилности, организиран од страна на Генералниот директорат за земјоделство и Телото за спречување на измами на Европската комисија (European Anti-Fraud Office- OLAF).

Меѓу презентерите на семинарот беа претставници од Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој – J4 (ревизија на трошоци за рурален развој и ИПАРД) и J1 (координација на хоризонтални прашања за clearance of accounts), како и претставници од OLAF.

На семинарот беа посочени примери за шеми на измама, индикатори за можна измама и беа дадени насоки за вградување на контролни механизми за спречување и откривање на измама. На семинарот, освен вработените од АФПЗРР надлежни за спроведување на ИПАРД Програмата, присуствуваа и претставници на Националниот фонд (Министерство за финансии), Управата за финансиска полиција и Телото за ревизија.